РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-75/3
27-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, на 66 - та седница, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) одржана на ден 21 април 2022 година, ја донесе следнава

**О д л у к а**

Постапката за утврдување состојба на судир на интереси заведена под бр. 09-5907/1 од 03.12.2021 година, оформена врз основа на доставена пријава од познат подносител против лицето ------ -------- ------ -------- за подрачјето на --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдуваат, односно со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-5907/1 од 03.12.2021 година е оформен по пријава од познат подносител и првично распределен во Одделението за следење на имотната состојба, заведен под број 08-1610/1 од 11.03.2020 година, а подоцна со службена белешка распределен и даден во работа во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање, заведен под број 09-5907/1 од 03.12.2021 година.

Во делот од пријавата кој се однесува на Одделението на спречување на судир на интереси и лобирање, против лицето ------ -------- ------ -------- за подрачјето на -------, се наведува дека по конкретни предмети како адвокат на засегнатата страна се јавувала ------ --------- сопруга на -------- -----------. Имено, истото --------- се јавува како спротивна страна во постапките, а предметот го застапува другиот правобранител ----- --------, вработен во истото -------- во ------.

Подносителот на пријавата, смета дека со самото тоа што целото --------- во ------ не се изземало во предметите каде застапник била адвокат ------ ------ и не постапувало -------- од друг соседен град, бил прекршен законот и станувало збор за судир на интереси.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на вистинитоста на наводите, ДКСК се обрати до --------- --------- -- ------- со барање за доставување податоци и информации за тоа дали се водени постапки за предмети во кои ------ -------- ------ -------- за подрачјето на -------се јавува како засегната странка, а како бранител во постапката била ангажирана -------- - сопруга на ------ -------- ------ -------- за подрачјето на ------- ------ -------.

Во законски предвидениот рок, --------- ја извести ДКСК дека во постапките во кои како полномошник се јвува адвокат ------ ------ ----- од -------, сопруга ------ -------- ------ -------- за подрачјето на -------, ------ ------, од страна на именуваниот ------ ------ редовно е барано изземање од постапување до ------ -------- на РСМ. Притоа, од страна на ------- --------- на РСМ се носени посебни резолуции со кои барањата за изземање се уважувани и предметите се доделувани на понатамошно постапување кај ------ ------- ----- ------- и ------ -------, како и кај ------ -------- ------ --- ----- за подрачјето на ------- ------- --------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во прилог на ваквото известување се доставени и сите барања за иземање од постапување на -------- ------- ------- ------ и сите Резолуции од Државниот правобранител на РСМ со кои барањата за иземање се уважуваат. Ова е во согласност со член 11 став 1 од Законот за Државно правобранителство, се вели *„Државниот правобранител во оправдани случаи, по сопствена оцена може да изземе државен правобранител на соодветно подрачје од постапување по конкретен предмет и истиот да го довери на друг државен правобранител."* и став 2 *„Државниот правобранител по барање на државните правобранители или по службена должност, може да изземе државни правобранители од постапување по определен предмет од истите причини а кои може да биде изземен судија."*

Со гореопишаните дејствија преземени од страна на ------ -------- ------ -------- за подрачјето на ------- и ------- -------- на РСМ, надминати се прекршувања на одредбите со кои се предвидува во кои случаи --------- треба да биде изземен од постапувањето по конкретни предмети.

Согласно наведеното, Државната комисија на седницата одржана на 21.04.2022 година констатира дека наводите кои се однесуваат на утврдување на судир на интереси не се потврдуваат, поради што ДКСК нема елементи за свое надлежно постапување, по што постапувањето по предметот се запира и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г, член на ДКСК